ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ПЛАНИНАРСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-
Бр. 03-46/1
24.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

До
Сите членки на ФПСМ

Почитувани,

Претседателството на ФПСМ на 32 седница одржана на 23 април 2026 година, а во врска со одржувањето на Редовно Изборно Годишно Собрание кое ќе се одржи на ден 06 јуни 2026 година во ДХО „Даре Џамбаз" во Скопје донесе Одлука за доставување Повик до сите членки на ФПСМ да достават свои предлози за:

- Кандидат за Претседател на ФПСМ;

- Кандидат за член на Претседателство на ФПСМ;

- Кандидат за член на Надзорен одбор;

- Кандидат за член на Судот на честа.

Ве молиме Вашите предлози да бидат врз основа на Статутот на ФПСМ кој ви го доставуваме во прилог), како и да бидат поткрепени со одредено образложение/автобиографија за кандидатот.

Кандидатите за Претседател на ФПСМ треба да имаат подготвено и Програма за работа на Федерацијата за претстојниот мандатен период.

Воедно во врска со одржување на Изборното Собрание да се достави и предлог-кандидат за следните комисии согласно Правилникот за работа на комисиите (кој ви го доставуваме во прилог) по основ стручност, искуство и посветеност:
- за член на Планинско-спасителна служба;
- за член на Комисијата за планинарски домови и објекти;
- за член на Комисијата за планинарски водичи
- за член на Комисијата за планинарски патеки
- за член на Комисија за високогорско планинарење и експедиции
- за член на Младинска комисија
- за член на Комисија за животна средина
- за член на Комисија за планинарска ориентација
- за член на Комисија за скајранинг
- за член на Комисија за турно скијање
- за член на Статутарно-правна комисија
- за член на Комисија за лица со посебни потреби
- за член на Комисија за информатичка технологија
- за член на Комисија за планинарски техники (за качување)

Забелешка: Согласно член 31 став 2 од Статутот на ФПСМ Клубовите кои нема да платат членарина до 01 април, нема да учествуваат во работа на седниците на Собранието, да гласаат ниту да бидат гласани во органите на Федерацијата.

Вашите предлози ве молиме да ги доставите до канцеларија на ФПСМ најдоцна до 08 мај 2026 година.

ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ПЛАНИНАРСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · СКОПЈЕ ·